# Универзитетски гласник - Анекс 1

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**П Р А В И Л Н И К**
за формирање на постојани работни тела на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и утврдување на нивните надлежности, состав и начин на работа ..................................... 2

**П Р А В И Л Н И К**
за заштита од пожари и експлозии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје ..................................................................... 5

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и бр. 178/2021) и член 62, став 1, точка 15 од Статутот на Факултетот за ветеринарана медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и бр. 460/2023 – Анекс), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 14.3.2024 година, го донесе следнив

## П Р А В И Л Н И К
## за формирање на постојани работни тела на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и утврдување на нивните надлежности, состав и начин на работа

**Член 1**

Со овој правилник се формираат постојани работни тела на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) и се регулира нивната надлежност, состав и начин на работа.

**Член 2**

Постојани работни тела на Факултетот:

- Комисија за наука,
- Комисија за настава,
- Етичка комисија за научни истражувања и експериментални животни, и
- Комисија за библиотечно работење.

### КОМИСИЈА ЗА НАУКА

**Член 3**

Комисијата за наука се грижи за имплементација и поддршка на научната работа на Факултетот, како и негово унапредување и следење на актуелните научни сознанија на национално, регионално и на светско ниво.

**Член 4**

Комисијата за наука ги има следниве надлежности:

- го следи спроведувањето на научно-истражувачката работа, ги анализира добиените информации и ја известува Деканатската управа;
- предлага мерки и методи за унапреду-вање на научната работа на Факултетот;
- врши промоција и креира форуми за научна расправа за објавени научни трудови значајни за научните области од дејноста на Факултетот;
- утврдува процедури за евиденција и регистрација на научните истражу-вања што се изведуваат на Факултетот;
- води евиденција за објавени научни трудови на вработените на Факултетот;
- промовира повици за научноистра-жувачки проекти;
- предлага до Наставно-научниот совет формирање на проектни тела за изработка на научноистражувачки проекти;
- организира обуки и курсеви за стек-нување на дополнителни вештини во научната работа;
- ги промовира најуспешните научни достигнувања на Факултетот;
- помага во организацијата на научни конгреси, собири и работилници;
- се грижи за поврзувањето на научната работа на Факултетот со бизнис-заедницата;
- се грижи за вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа на Факултетот;
- се грижи за достапноста на научноистражувачката литература и научните бази;
- врши и други работи поврзани со научната дејност на Факултетот.

**Член 5**

Комисија за наука е составена од седум члена, и тоа: продеканот за наука и меѓународна соработка, во улога на претседател на Комисијата, пет члена кои се избрани во наставно-научни и научни звања на Факултетот и кои во изминатите пет години имаат оригинален научен или прегледен труд како први или последни автори во меѓународно научно списание со фактор на влијание повисок од 1 според *Clarivate Analytics* во годината во која е објавен трудот, како и еден член од уредувачкиот одбор на списанието *Macedonian Veterinary Review.*

**Член 6**

Членовите на Комисијата за наука, по предлог на Деканатската управа, се избираат од страна на Наставно-научниот совет, со мандат од 3 години, со право на повторен избор.

**КОМИСИЈА ЗА НАСТАВА**

**Член 7**

Комисијата ги следи формите на настава (теоретска и практична) на Факултетот, вклучувајќи ги и испитите, и учествува во изработка на правилници, нормативни акти и одлуки кои се однесуваат на наставно-образовната дејност на Факултетот.

**Член 8**

Комисијата за настава ги има следниве надлежности:

- го следи спроведувањето на студиските програми, ги анализира добиените информации и ја известува Деканатската управа;
- го следи постигнувањето на стандардите за квалитет на наставата;
- врши евиденција на извештаи од страна на предметните наставници за одржаната настава и ги разгледува по завршување на семестарот;
- го разгледува начинот на оценување на работата на студентите во исполнувањето на предиспитните обврски и начинот на оценување на студентите на испити;
- предлага да се преземат корективни мерки против наставниците и соработниците чија наставна работа не е во согласност со правилниците и другите акти на Факултетот од областа на наставата;
- ги разгледува доставените забелешки од страна на студентите во студентското сандаче, поставено на Студентски прашања во однос на наставата, и предлага мерки за подобрување на студиските програми, плановите за работа и наставниот процес;
- предлага и организира спроведување на соодветни образовни програми за унапредување на педагошките вештини на наставниците и соработниците;
- го следи спроведувањето на студиските програми и дава насоки за нивна ревизија со цел ажурирање на содржината и обезбедување на нивна споредба со студиските програми на релевантни домашни и странски високообразовни институции;
- ги подготвува и ги обновува студиските програми согласно со периодот на акредитација, го испитува обемот на работа и предлага соодветни измени;
- ја утврдува методологијата за добивање повратна информација од страна на работодавачите, Агенцијата за вработување и други соодветни организации за квалитетот на студиските програми и студентите;
- врши и други работи поврзани со наставно-образовната дејност на Факултетот.
-

**Член 9**

Комисијата за настава е составена од седум члена, и тоа: продеканот за настава, во улога на претседател на Комисијата, координаторот на ЕКТС; четири наставници избрани од страна Наставно-научниот совет и еден студент.

**Член 10**

Членовите на Комисијата за настава од редот на наставници, по предлог на Деканатската управа, се избираат од страна на Наставно-научниот совет, со мандат од 3 години, со право на повторен избор.

Членот од редот на студентите се делегира на предлог на Студентското собрание, со мандат од 1 година, со право на повторен избор.

**ЕТИЧКА КОМИСИЈА ЗА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ЖИВОТНИ**

**Член 11**

Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни одлучува за етичката прифатливост и научната оправданост на истражувањата од

етички аспект согласно со законската регулатива, подзаконските акти, меѓународните стандарди и други акти поврзани со етичките прашања во научноистражувачката работа.

**Член 12**

Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни ги има следниве надлежности:

- ги пропишува правилата и донесува акти за етичка прифатливост и научна оправданост на истражувањата на Факултетот од етички аспект;
- издава потврди за етичката прифатливост и научната оправданост од етички аспект на поднесените истражувања кои може да се употребат при спроведување на научно истражување, публикација или апликација и имплементација на научни проекти;
- на барање на Факултетот, дава мислење за етичка прифатливост за поднесени истражувања и активности во рамките на конгреси, семинари, работилници и други научни и стручни собири;
- известува, организира и спроведува обуки и други форми на стручни усовршувања на вработените на Факултетот, докторандите, специјализантите и студентите од областа на етиката во научните истражувања;
- врши и други работи поврзани со етиката во научните истражувања и експерименталните животни.

**Член 13**

Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни е составена од пет члена.

Членови на Комисијата се лица избрани во наставно-научни и научни звања на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Член 14**

Претседателот и членовите на Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни, по предлог на Деканатската управа, се избираат од страна на Наставно-научниот совет, со мандат од 3 години, со право на повторен избор.

**КОМИСИЈА ЗА БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ**

**Член 15**

Комисијата за библиотечно работење е надлежна за вршење на работа и работни задачи поврзани со наставната и научноистражувачката дејност на Факултетот.

**Член 16**

Комисијата за библиотечно работење ги има следниве надлежности:

- донесува годишен план и годишна програма за работа на Библиотеката;
- предлага потребни средства, нивна распределба и користење согласно со финансискиот план за набавка и согласно со потребите за извршување на дејноста на Библиотеката;
- дава мислење за набавување, отуѓување и размена на библиотечниот материјал, по предлог на советникот за библиотечно работење;
- дава инцијативи за подобрување на организацијата на работа и за зголемување на работната ефикасност на Библиотеката;
- изготвува нацрт-процедура за работа на Библиотеката, како и предлози за нејзино менување и дополнување;
- врши и други работи поврзани со дејноста на Библиотеката и библиотечното работење.

**Член 17**

Комисијата за библиотечно работење е составена од пет члена, и тоа: четири члена од редовите на наставно-научниот и научниот кадар и советникот за библиотечно работење на Факултетот.

**Член 18**

Претседателот и членовите на Комисијата за библиотечно работење, по предлог на Деканатската управа, се избираат од страна на Наставно-научниот совет, со мандат од 3 години, со право на повторен избор.

**РАБОТА НА ПОСТОЈАНИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА**

**Член 19**

Работите од својот делокруг постојаните тела ги работат согласно со Деловник за начинот на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, внатрешните организациони единици, работните и стручните тела и комисиите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Член 20**

Постојаните тела за својата работа одговараат пред Наставно-научниот совет на Факултетот.

Постојаните тела за својата работа поднесуваат годишен извештај до Наставно-научниот совет на Факултетот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се објави во Универзитетски гласник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Деан Јанкулоски, с.р.**

Врз основа на член 75, став 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86,08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14,129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и Службен весник на РСМ бр. 215/21), Упатството за содржината на правилникот за заштита од пожари и експлозиви на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, трговците поединци и други правни лица (Службен весник на РМ бр. 80/2011) и член 62 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и 416/2023 – Анекс), Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на 14.3.2024 година, го донесе следниов

**П Р А В И Л Н И К**
**за заштита од пожари и експлозии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје**

**1. Општи одредби**

**Член 1**

Со Правилникот за заштита од пожари и експлозии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности во областа на заштитата од пожари и експлозии, кои се однесуваат на:

- мерките за заштита од пожари и експлозии со кои ќе се отстрануваат, односно ќе се намалуваат опасностите од пожари и експлозии;
- правата, обврските и одговорностите во областа на заштита од пожари и експлозии, односно организацијата и начинот на вршење на внатрешна контрола, како и овластувањата и одговорностите на работниците кои ја вршат таа контрола;
- постапката и начинот на запознавање на работниците со опасностите од пожар и експлозија и начинот на обучување на работниците за учество во гаснење на пожар;

- опремата, уредите и средствата за јавување и гаснење на пожар, распореденоста и нејзино испитување;
- должноста и одговорноста на органите и на другите работници во врска со заштитата од пожари и од експлозии;
- други прашања и работни задачи и активности кои се уредуваат и организираат на Факултетот заради заштита од пожари и експлозии.

**Член 2**

Заштитата од пожари и експлозии се спроведува непрекинато на сите места и во сите објекти кои се изложени на пожар и експлозија.

**Член 3**

Заштитата од пожари и експлозии опфаќа збир на мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, правен, надзорен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се преземаат заради отстранување на причините за предизвикување пожар или експлозија, спречување на ширење на пожар, за гаснење на пожарот и спасување на животи на луѓето и имотот загрозени од пожар или експлозија.

**Член 4**

Факултетот ја спроведува заштитата од пожари и експлозии во согласност со закон, со подзаконски акти донесени врз основа на закон и со одредбите на овој правилник.

**2. Организациона, функционална и просторна поставеност**

**Член 5**

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е јавна високообразовна установа, која врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност од областа на ветеринарната медицина.

**Член 6**

Објектите во кои е сместен Факултетот се лоцирани во градското подрачје, односно во Општината Гази Баба, и претставуваат деловни објекти изградени на една локација со различни катни висини.

Пристапот до објектите за интервентни возила е обезбеден преку ул. „Лазар Поп Трајков“ бр. 5-7, преку која се доаѓа директно до објектите со надворешна и интерна комуникација.

Бригадата за ППЗ на град Скопје, лоцирана во Автокоманда, е на растојание од само 1,0 км, при што времето на пристигнување на ПП-возилата не би требало да биде поголемо од 5 до 10 мин., што, секако, не зависи од растојанието, но и од фреквенцијата на возила по пристапните сообраќајници во времето на пристигнување, бидејќи ПП-бригадата е на блиска локација.

Пристапните патишта (градските сообраќајници, платоата за гасење и сл.) со своите димензии овозможуваат навремена и непречена интервенција во случај на пожар, како и лесна подготовка и ставање во функција на противпожарната опрема и техника за локализација и ликвидација на пожарот и спасување на луѓето и материјалните добра.

Ширината на коловозите на пристапните патишта околу објектите не е помала од 6 метри за двонасочен сообраќај.

Рабовите на пристапните патишта овозможуваат лесен пристап на ПП-возилата до објектите, а коловозната конструкција на пристапот е димензионирана на осовински притисок од најмалку 8 тони.

**Член 7**

Проблемите кои би настанале од појава на пожари, решени се со комплетна опрема за заштита од пожари (хидранти, апарати за гасење на пожар, панични светла, громобранска инсталација).

Околината на Факултетот е прилично пространа – широка, објектите со околината даваат можност за лоцирање на евакуационо собиралиште и друг вид собирни места за потребите на заштитата и спасувањето, и тоа на сите страни од објектите и надвор од нив.

**3. Мерки за заштита од пожари и експлозии и проценка на нивниот ризик**

**Член 8**

Мерките за заштита од пожари и експлозии се утврдуваат и се преземаат со

цел да се отстранат причините за настанување пожари и експлозии и да се спречи нивното ширење, како и за спасување на луѓето и материјалните добра кои можат да бидат загрозени од нив.

Мерките за заштита од пожар и експлозии се утврдуваат и се преземаат врз основа на претходна процена на опасностите и загрозеноста на објектите од пожар и експлозии, категоризацијата на објектите, пожарното оптоварување и класите на пожар.

**Член 9**

При проектирање и изведување на работи на поправки, доградби, адаптации и реконструкција на постојните објекти, при проектирање и изградба на нови објекти, при вградување на уреди и опрема во тие објекти, како и при експлоатација и одржување на објектите, се применуваат нормативи и стандарди за заштита од пожари и експлозии пропишани со закон.

**Член 10**

Електричната, вентилационата, топловодната и громобранската инсталација, како и сите уреди во објектите на Факултетот, мора да се изведуваат така да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари или експлозии, а нивното одржување да е во согласност со постојните технички прописи.

**Член 11**

Евентуално складирање, преточување, употребување и други дејствија врзани со манипулирање со запаливи течности и гасови се вршат врз основа на постојните законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

Мерки кои се предвидуваат за заштита од пожар или експлозија при манипулирање со запаливи течности и гасови, покрај другото, се и следниве:

- запаливите течности можат да се складираат исклучиво во објекти или резервоарски простории кои се изградени по пропишани стандарди за тоа;
- во работните простории, запаливите течности се чуваат само во количини потребни за работа во една смена, и тоа во затворени садови и во соодветни метални ормани;
- при складирање на поголеми количини запаливи течности и гасови се определуваат зони на опасност;
- мрсни крпи, пуцвали и други запаливи отпадоци за време на работата се чуваат во метални, затворени кутии;
- варење и лемење на садови во кои претходно имало запаливи течности се врши само по нивно миење;
- боци со компримирани гасови мора да се складираат во посебни објекти, согласно со законските прописи;
- се забранува ракување со масни раце со оксигенски боци и други лесно запаливи предмети;
- во работните простории и објектите каде што се употребуваат запаливи и експлозивни течности, се забранува работа со отворен оган, светилки со пламен, користење уреди и инсталации што можат да предизвикаат пожар и експлозија, употреба на алат кој создава искрење, користење грејни уреди со отворен пламен, вжарени и прекумерно загреани површини, употреба на кибрити, запалки, пушење и слично.

**Член 12**

Приодните патишта, сите влезови, излези, премини, внатрешни ходници и слично, скалите и скалишните простори, столбиштата, како и противпожарните патишта околу објектите за приод на противпожарни возила, пристапите до уредите и до средствата за гаснење, треба да бидат слободни за интервенција во секое време.

**Член 13**

Уредите, опремата и средствата наменети за гаснење на пожари, како и уредите и инсталациите за сигнализирање на пожар во објектите на Факултетот, мора да се држат во исправна состојба, да бидат поставени на видно место, на лесно достапно

место и уредно обележани и подготвени за употреба во секое време.

**Член 14**

Во лабораториите на Факултетот, доколку има потреба од запаливи течности, можат такви да се држат во количина до 15 литри.

Максимално дозволената количина на запаливи течности не смее да надмине 150 литри и тие задолжително се чуваат во посебни метални долапи, наменети исклучително за таа намена.

**Член 15**

Горен материјал не смее да се складира на отворен простор поблиску од 6 метри од објектите на Факултетот или од негови делови, ниту пак во магацините, по ходниците и други места одредени за комуникација низ Факултетот.

**Член 16**

Заради поефикасна заштита, Факултетот располага со хидрантска мрежа.

Хидрантите треба да имаат соодветна опрема (црево, млазница, клуч) и таа треба да биде јасно и видливо обележана и подложна на редовна контрола.

**Член 17**

Вработените, преку разни курсеви, програми за обучување, предавања и слично, треба редовно да се обучуваат и да се запознаваат со опасностите од пожар и од експлозија и за начинот на употреба на средствата за гаснење на пожари.

**Член 18**

За извршеното запознавање од претходниот став треба да се води посебна евиденција, а на работниците да им се издава потврда или уверение за тоа дека се запознати со опасностите и со мерките за заштита од пожари и експлозии, како и за тоа дека се оспособени да се справат со нив.

**4. Права и обврски на вработените**

**Член 19**

Вработените на Факултетот се носители на задачите и работите за заштита од пожари и експлозии.

Право и должност на секој вработен е да учествува во спроведувањето и унапредувањето на работите и задачите, односно во општите и во посебните мерки за заштита на имотот и луѓето од пожари и експлозии, согласно со закон, со овој правилник и другите општи акти.

Правата и должностите се однесуваат особено на:

- организирање на заштита на сите вредности со кои се располага на начин што обезбедува лична и имотна сигурност на луѓето и на имотот на Факултетот;
- на своите работни места и во други простории каде што работат, вработените треба да бидат запознаени со опасностите од пожар и експлозија и да ги спроведуваат обврските од претходниот став;
- да бараат помош од органите, организациите и лицата кои оваа помош мораат или треба да им ја дадат, и да укажуваат помош во согласност со своите можности, а особено при гаснење на пожар и при спречување на неговото ширење;
- да бидат навреме известувани за појавите на загрозување на луѓето и на имотот, за мерките и дејствијата што се преземаат за отстранување на последиците од загрозувањето;
- да се запознаваат со опасностите од појава на пожари и експлозии, да се запознаваат и да се обучуваат за ракување и за употреба на рачните апарати за гаснење на почетен пожар и други уреди и средства;
- по завршувањето на работата во работните простории, да се отстрануваат опасностите кои можат да предизвикаат пожар или експлозија (исклучување на електричните и термичките уреди, отстранување или обезбедување од паѓање или истурање на запаливите или експлозивните течности и гасови и слично);
- да го пријават секој недостаток, секое расипување или друга промена на средствата и уредите за гаснење или средства и апаратите за работа,

кои можат да предизвикаат пожар или експлозија.

**Член 20**

Вработените на Факултетот имаат право на надомест на плата кога отсуствуваат од работа поради нивно ангажирање во противпожарна заштита, за:

- стручно оспособување и усовршување во областа на заштитата од пожари и експлозии;
- гаснење на пожари;
- спасување на луѓе и имот загрозени од пожар или од експлозија;
- отстранување на последиците предизвикани од пожар или експлозија.

**5. Обврски и одговорности на органите и на работниците на Факултетот во областа на заштита од пожари и експлозии**

**Член 21**

Наставно-научниот совет на Факултетот, во рамките на своите овластувања утврдени со Статутот и со другите општи акти, ја утврдува политиката за заштита од пожари и експлозии на имотот со кој располага Факултетот, животот на работниците, а особено:

- донесува општи акти со кои се утврдува оваа материја;
- ја избира и ја разрешува Комисијата за заштита од пожари и експлозии.

**Член 22**

Деканатската управа, во рамките на своите надлежности:

- ја разгледува состојбата на противпожарната заштита и донесува одлуки за отстранување на опасностите од избивање пожари и експлозии и презема мерки за обезбедување;
- ја утврдува техничката опременост, образованието на работниците од областа на противпожарната заштита за брзо и ефикасно гаснење на пожари, за спасување на загрозените лица и материјалните добра;
- презема мерки за развој и унапредување на заштитата од пожари и експлозии;
- утврдува финансиски план за потребните материјални средства, за организацијата и техничката опременост;
- врши и други работи кои се ставени во нејзината надлежност со општите акти и со закон.

**Член 23**

Деканот на Факултетот, во поглед на заштитата од пожари и експлозии на имотот на Факултетот, ги има следниве права и должности:

- остварува општ надзор и раководи со преземањето и спроведувањето мерки за заштита од пожари и експлозии;
- се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците донесени од страна на Наставно-научниот совет и Деканатската управа за прашања од противпожарната заштита;
- им предлага на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа преземање на неопходни и итни мерки;
- во случај на избивање на поголем пожар или експлозија, донесува наредба за запирање на работата во одделни работни простории или објекти, за што веднаш го известува и Наставно-научниот совет;
- покренува постапка според законот против секој работник кој, и покрај изречената опомена, не ги почитува пропишаните мерки за противпожарна заштита;
- издава налози за отстранување на опасностите од избивање пожар или експлозија, утврдени со решенија од страна на инспекциските органи;
- врши и други работи кои му се ставени во надлежност со општите акти, со одлуките на Наставно-научниот совет и со законските одредби.

**Член 24**

За успешно организирање, следење и проучување на опасностите од пожари и експлозии и на системот мерки за заштита на Факултетот, Наставно-научниот совет формира Комисија за заштита од пожари и експлозии.

Комисијата е составена од претседател и двајца членови, со мандат од 4 години.

Комисијата ги врши следниве работи:

- се грижи за спроведување на пропишаните или наложените мерки за заштита од пожар или експлозија;
- организира запознавање на работниците со опасностите од пожар и експлозија, мерките за заштита и постапката во случај на избивање на пожар на одделни места во работните и во помошните простории или во случај на настанување на експлозија;
- најмалку два пати годишно врши преглед на работните простории со цел за согледување на опасностите од избивање на пожари или експлозии; дава предлози за спроведување најцелисходни мерки за заштита од пожари и експлозии;
- според укажаната потреба, врши преглед на објекти каде што постои посебна опасност од избивање на пожари или експлозии;
- поднесува извештај до Наставно-научниот совет за состојбата со заштитата од пожари и експлозии, со предлог-мерки за донесување на соодветни одлуки и заклучоци;
- ги разгледува и зазема став по извештаите, записниците и решенијата донесени од страна на инспекциските органи од областа на противпожарната заштита;
- ја анализира состојбата на организираност, острученоста на работниците, техничката опременост и оспособеност за брзо и ефикасно гаснење на пожари, спасување на имотот и луѓето загрозени од пожар или експлозија;
- се грижи за редовно одржување на противпожарните апарати, редовно мерење на притисокот на хидрантската мрежа, испитување на громобранската и електричната инсталација;
- поднесува барање за набавка и одржување на противпожарните апарати, мерење на притисокот на хидрантската мрежа и испитување на громобранската и електричната инсталација;
- се грижи за исправноста и за поставеноста на противпожарната опрема и за нејзиното наменско користење;
- се грижи просторот, влезот – излезот и пристапните патишта секогаш да бидат слободни, како и пристапот до противпожарните апарати;
- врши и други работи кои ѝ се ставени во надлежност со општите акти, со одлуката на Наставно-научниот совет и со законските одредби.

**Член 25**

Сите вработени на Факултетот се должни и одговорни непосредно да ги спроведуваат мерките за заштита од пожар и експлозија, а особено:

- при вршењето на работите во сѐ да се придржуваат кон правилата за заштита од пожар и експлозија, прописите и одредбите од овој правилник;
- со орудијата за работа, во просториите каде што постои зголемена опасност од пожар или експлозија, да постапуваат со особено внимание;
- да го пријават секој недостаток, дефект или друга промена на средствата за работа, уредите и инсталациите, кои можат да предизвикаат пожар или експлозија;
- да се јават на обука од противпожарна заштита;
- да ги одржуваат во исправна состојба средствата за работа;
- да учествуваат во практични вежби за гаснење пожар;

- при гаснење пожар да постапуваат според налозите на раководителот на акцијата за гаснење;
- да го почитуваат режимот за забрана на пушењето;
- да се запознаат со физичко-хемиските карактеристики и со опасните средства на материјалите со кои работат;
- вршат и други работи согласно со законот, со одредбите од овој правилник и по наредба на одговорните лица.

**6. Обучување и запознавање на вработените од областа на заштита од пожари и експлозии**

**Член 26**

Секој работник, пред да почне со работа, односно пред да биде распореден на работно место, мора да биде запознаен со општите опасности од пожар или експлозија, како и со посебните опасности врзани за тоа работно место.

**Член 27**

Во врска со обврската од претходниот член, секој работник треба да биде запознат:
- со опасностите од пожар или експлозија, кои можат да ги загрозат животите на работниците и имотот на Факултетот;
- со практичната примена и употребата на прирачните апарати за гаснење пожар и со употребата на личните и колективни заштитни средства кои се користат во случај на пожар или експлозија;
- со обврската на работното место да се придржува кон сите општи и познати правила, прописи и мерки за заштита од пожар или експлозија, како и со причините поради кои тие мерки се применуваат и спроведуваат;
- со организацијата за заштита од пожар или експлозија и со нејзиното функционирање на Факултетот;
- со содржината на овој правилник.

**7. Техничка опрема и средства за гаснење на пожар**

**Член 28**

Видот, количината, местата и средствата неопходни за гаснење пожар се утврдуваат во зависност од опасностите на работното место или во просториите, а во согласност со важечките прописи и со подзаконските акти што ја регулираат оваа материја.

**Член 29**

Со цел за поефикасно користење на рачните противпожарни апарати, потребно е да се почитуваат следниве правила околу нивното поставување и одржување:
- Рачните противпожарни апарати треба да бидат поставени на места каде што постои зголемена опасност од избувнување на пожар или експлозија.
- Апаратите треба да бидат поставени на достапни места закачени на ѕид, на висина од 1,5 м.
- Апаратот треба да биде осигуран со пломба, да има контролна картица и податоци за полнењето и за контролата, со датум и потпис на овластеното лице кое извршило полнење.
- Повремено да се врши преглед на противпожарните апарати и сите недостатоци што ќе бидат забележани веднаш да се отстранат.

**Член 30**

Во зависност од класата на пожарот, се употребува и соодветен тип рачен апарат за почетно гаснење на пожар:
- за гаснење на цврсти материи, како средство за гаснење треба да се употреби вода или апарат за суво гаснење;
- за гаснење на течни материи треба да се употреби апарат за суво гаснење S или CO2, доколку нема хемиска пена;
- за гаснење на пожари на гасовити материи се употребува апарат со CO2 или S;
- за гаснење на електрични инсталации и уреди кои се под напон

се употребуваат апаратите со С и СО2;
- за гаснење на пожар каде што има компјутери и опрема се употребуваат апаратите за гаснење со халон.

**Член 31**

Со цел за поефикасно гаснење на поголеми пожари, Факултетот располага со хидрантска мрежа:
- Сите хидранти треба да бидат обележани со знакот Н и да бидат обоени со црвена боја.
- Подземните хидранти треба да бидат осигурени со поклопка, а ѕидните во соодветни шкафчиња.
- Секој хидрант треба да биде комплетиран со противпожарни црева, млазница и клуч за отворање и затворање на доводот.
- Хидрантот треба да има капацитет од најмалку 3 литри во секунда и воден притисок од минимум 3 бара.
- Потребно е да се врши постојана контрола и преглед на исправноста и опременоста на хидрантот.

**8. Постапка во случај на пожар или експлозија**

**Член 32**

Работникот кој ќе забележи пожар е должен да го изгасне ако за тоа има можност и веднаш да го извести деканот или одговорното лице, со опис на местото каде што избил пожарот и за карактерот на пожарот (мал, среден, голем).

**Член 33**

Работникот кој го пријавил пожарот е должен сам или со помош на други работници да пристапи кон гаснење на пожарот и да преземе мерки за спречување на неговото ширење, како и да ги отстрани последиците што пожарот може да ги предизвика, а особено да преземе мерки за спасување на предметите загрозени од пожар и притоа да ги исклучи уредите и електричниот довод.

**Член 34**

При гаснење на пожар, посебно внимание мора да се посвети на отстранување на боците и другите садови со компримирани гасови и запаливи течности поради закана од пожар и експлозија, како и други средства кои можат да предизвикаат пожар или експлозија.

За гаснење пожар мора да се употребат соодветни средства согласно со одредбите од овој правилник.

**Член 35**

За спасување на луѓето мора да се употребуваат наметки од ткаенини, вода и други средства кои нема да ја зголемат температурата и да создадат рани на телото.

**Член 36**

По пријава на пожар се преземаат следниве мерки:
- Деканот или од него овластеното лице дава знак за тревога и веднаш излегува на самото место со вработените и со расположливата техника и издава наредба за гаснење на пожарот.
- Доколку дојде до пожар по завршувањето на работното време, во сабота, недела или за време на празник, односно кога не се работи, работникот што се затекнал во просториите на Факултетот по телефон го известува деканот или одговорното лице.
- Доколку работникот што го забележал пожарот оцени дека со расположливите средства и сили пожарот не може да се изгасне, по телефон ќе побара помош од градската противпожарна единица, а за пожарот веднаш ќе го извести Министерството за внатрешни работи и станицата за прва помош.
- За секој пожар што ќе се појави во кој и да било дел или во кое и да било време, се составува записник.

**Член 37**

Знак за тревога можат да дадат сите работници кога ќе забележат пожар.

На знакот за тревога од вработените се формира противпожарна единица.

**Член 38**

Сите вработени се ставаат на располагање на раководителот на противпожарната единица.

Работниците кои во времето на давање на знакот за тревога се наоѓаат надвор од Факултетот, должни се на повик или по сознавањето да дојдат на зборното место и да се стават на располагање за гаснење на пожарот.

**Член 39**

По давањето знак за тревога и настанувањето пожар, забранета е употреба на телефон, освен за најитни разговори кои се во врска со настанатата состојба.

Во сите организациони делови треба да се осигури посебна телефонска служба за пренесување на добиените наредби.

**Член 40**

За време на тревога се организира група за обезбедување со задача да ги отстранува неповиканите лица, да ја спречува паниката, да го расчистува просторот и да овозможува непречено доаѓање и проаѓање на противпожарните возила.

**Член 41**

Непридржувањето кон одредбите од овој правилник претставува тешка повреда на работната дисциплина.

**9. Преодни и завршни одредби**

**Член 42**

Измени и дополнувања на овој правилник се вршат на начин и во постапка што е предвидена за неговото донесување.

**Член 43**

Ако некои прашања не се регулирани со одредбите на овој правилник, непосредно ќе се применуваат соодветните законски и други прописи.

**Член 44**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Деан Јанкулоски, с.р.**